**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 август 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Ванчо Стаменков, Андреј Жерновски, Зоран Крстевски, Илија Китановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска Цветанова, Сашко Кедев, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ристо Пејовски,Љубчо Ѓеорѓиевски, Ванчо Ѓоргиев, Есад Рахиќ, Али Ахмети, Назми Беќири и Љубисав Иванов-Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да утврдат колку пратеници има.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволно. Минуваат минути на чекање).

Продолжуваме со работа по утврдување на Нацрт амандманите од 20-от до 34-от амандман на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Нацрт амандманите на Уставот на Република Македонија.

Претресот по текстот на Нацрт амандманот 28 од Уставот на Република Македонија е заклучен.

Ве молам сите да ги притиснете копчињата, да не заборави некој.

Текстот на Нацртот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеника од кои 65 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

Овој амандман со кој се заменува членот 105 од Уставот на Република Македонија, а кој е во однос на надележностите на Државниот судски совет во согласност со членот 105 од Уставот на Република Македонија Републичкиот судски совет, како што знаеме, сите имаат право на Собранието да му предложат именвуање и разрешување на судии. Во согласност со ова што се предлага сега со текстот на овој Нацрт амандман се предвидува во иднина овој Совет да има право не да предлага, туку непосредно да избира и разрешува судии како и претседатели на одредени судови.

Покрај ова право на овој Совет за избор и разрешување овој орган има и други утврдени права како право да предлага, како што е случај со двајца судии на Уставен суд, право кое го има и постојниот Републички судски совет како и правото да одлучува за одредени прашања како што е на пример случајот на одземање на имунитет на судија, дисциплинска одговорност и права и други предлози.

Од ова што се кажа јасно се гледа кој е односот на овој орган со Собранието. До сега постоеше одреден однос, бидејќи како што реков претходно овој орган имаше право да предлага додека Собранието како законодавен и политички орган одлучуваше за понудените предлози. Во иднина овој однос ќе се заснова само во односот и информацијата што за својата работа Државниот судски совет ќе го поднесе до Собранието за да се анализира и разгледува.

Од аспект на реализирање на деполитизацијата, овој амандман има своја тежина и можеби понудените измени во овој амандман се коренити. Но, покрај се, доколку се анализира една друга состојба која е во однос со системот на организацијата на судскиот систем во услови кога, како претседател на овој Совет, ќе биде претседателот на Врховниот суд, додека претседателот на Врховниот суд ќе се избира исто од овој судски Совет создавајќи еден херметички систем, а не кружен систем. Денеска се избира еден претседател, утре друг и т.н. Верувајте ми со тоа ќе создадеме тешкотии што не можат да дојдат лица од надвор за да го стекнат статусот на иден судија.

Затоа ценам дека начинот на избор треба да се утврди со закон, така што во ставот 1 параграф 1 да се додадат зборовите "на рамноправен начин и тоа со закон".

На крајот на краиштата во амандманот 26 став 4 е предвидено постапката за разрешување да се уреди со закон, но и покрај тоа, доколку разрешувањето е предвидено да се регулира со закон, тогаш се поставува прашањето која ќе биде причината за изборот на судиите и поротниците овде во овој Совет во иднина да не се предвиди да се уреди со закон.

Од друга страна имајќи предвид еден друг факт дека преку начинот како што е предвидено во овој амандман во услови кога етничката структура на судскиот систем е таква каква што е, додека податоците говорат дека некаде 88% од судиите се припадници на македонската заедница, а само 12% се од другите етнички заедници во услови кога дефинитивно овој орган значи Државниот судски совет се осамостојува и деполитизира се поставува прашањето со кој механизам ќе може во овој орган да се создаде

тоа што постои со уставен амандман правичната и соодветната застапеност.

Ова е клучната причина за мене, па во наредната фаза би било добро предлагачот да согледа можност преку овој амандман или во овој амандман да го предвиди механизмот кој го нарекуваме Бадентеров механизам, механизам кој ќе овозможи во овој судски систем застапеноста да биде на нивото на тоа што е предвидено со посебен уставен амандман.

Во многу закони кои не се во однос со правниот систем како механизам сме предложиле да се оствари правичната и соодветната застапеност на граѓаните, но и покрај тоа резултатите ги знаеме. Моја оценка е дека и покрај тоа сега за сега би било добро Бадентеровиот механизам да се предвиди како начин во Државниот судски совет во иднина преку овој механизам да избира и разрешува судии, но и претседатели на судови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке.

Во однос на предложениот амандман 29 кој е од витално значење за реформите во судството во однос на изборот и отповикувањето на судиите кои ги отргнуваме од законодавната власт од Парламентот, сметам дека за мене е еден напредок, корисна работа, со една бојазност, барем кај повеќето луѓе кои се занимаваат со оваа проблематика дека може Државниот судски совет во една таква стегната форма во одредени моменти истиот да се корумпира, да стане поопасен и тоа што до сега беше Собранието кое со малку познавање при изборот и разрешувањето на одредени судии тоа го прават пратениците по налог на одредени политички сили и структури.

Во овој дел би сакал да помогнам, бидејќи нашата цел е да имаме што поздрав судски систем, судска власт, да не дозволиме да преовлада корупцијата, митото и било кои други лоши навики за кои сме идентификувани како од надворешниот свет така и внатре во државата, па би сакал да укажам на следното за кое сметам дека предлагачот ќе треба да го има во предвид, да го разгледа и до колку оцени дека е корисно, што јас сметам дека е корисно, ќе треба да се вметне со еден посебен став во истиот амандман, а тоа е покрај фактот што стои ставот 2 дека Државниот судски совет поднесува годишен извештај пред Собранието на еден начин што се става под контрола работата на Државниот судски совет на законодавната власт.

Јас би сакал да додадам уште една одредба која што ќе биде од голема корист и сметам дека ќе има една силна бариера да не се дозволи да се корумпира и тоа тело кое што ќе биде од витално значење во нашиот систем а тоа е мое размислување кое сметам дека е и реално. Пред ставот 2 да стои еден друг став што ќе биде 2, а ставот 2 ќе биде став 3. Работата на ДСС да ја контролира одредена комисија, тело од Парламентот кое што ќе биде составено од подеднаков број на членови пратеници, а може дури да се дозволи и надворешни луѓе од позиција и од опозиција кое нешто ќе може во секој даден момент на одредени укажувања од луѓе кои што почувствувале дека има некакво нарушување, некаква неправичност од ДСС, ова тело да врши контрола. Такви комисии во парламентите во западните развиени демократии постојат во повеќе случаи кои што повеќе имаат контролна функција како што е Комисијата барем засега за контрола над работата на државната безбедност, контраразузнавањето. Исто така, би требало и овде што ќе биде од корист да се има една контрола над работата на овој ДСС што нема да дозволиме било која власт, па и судската да стане сосема издвоена, самостојна, независна од ниту една друга власт. Иако ставот 2 сега дава една таква можност, сметам дека таа можност е мала, а оваа можност ќе биде од корист и мислам дека ќе има далеку подобри квалитети ДСС ќе постапува далеку посовесно и почесно во извршувањето на својата работа отколку да нема таква контрола што можно е во секој момент да се бирократизира, да ги повредува правата на одредени судии при избор, при отповикување. Сепак, така ќе биде многу почесен и многу пореален во извршувањето на своите работи, а ќе има и таква можност да се проверува доколку е направена некаква повреда од тој ДСС, бидејќи Република Македонија сепак има парламентарна демократија и највисок орган на власт сметам дека е Собранието и на еден начин ќе може да ја контролира работата на ДСС без да се меша во неговата работа како да одлучува. Би замолил Министерството ова да го има во предвид со помош на експерти кои што работат малку повеќе и од нас на оваа работа и искуствата од други држави, мислам дека ќе најдат место да вметнат една таква одредба која што ќе биде со Устав утврдена, отколку тоа да го правиме со законот кога ќе се носи за ДСС, или некој друг закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, госпоѓа министер, почитувани колеги, овој амандман во основа е во насока на веќе декларираната цел на уставната реформа во областа на правосудството да се одвои политиката, така да кажам, во изборот и контрола на работењето на судовите од законодавната власт. Тоа е видена работа и установено е дека законодавната власт во изборот на судиите преферираше политичките интереси на мнозинството кое во дадениот момент постоеше во Парламентот. Тоа се одразуваше и на избор на членови на Судскиот совет, но се одразуваше потоа и на така проверени членови на РСС, предлозите што ги даваа овде уште еднаш минуваа на селекција. Убаво се сеќавате дека имаше случаи кога општинските комитети всушност ги избираа

судиите, кога општинските комитети на партијата што имала во тој момент мнозинство, ќе ги елиминираат преку своите пратеници и колегијалниот однос со другите во мнозинството, ќе ги елиминираат сите оние предлози до РСС кои фактички доаѓаа, а не им биле ним по вкус. Тоа се случуваше без оглед кој го има мнозинството. И затоа мислам дека ова е веќе еден исчекор, правилен исчекор и не ќе бидат можни во Собранието такви одлуки. И верувам дека ќе се создадат услови РСС, сега ДСС да одлучува по објективно, бидејќи сепак големо е присуството на професионалци и нив треба да им веруваме. Меѓутоа, постои еден проблем на кој треба да се укаже овој пат. Инаку, ние ќе го поддржиме овој амандман вака сега во оваа фаза. Постои уште еден проблем на кој треба да укажеме дека оваа состојба во правосудството, состојба која фактички покажува дека, и затоа ги правиме овие реформи, правосудството не е во можност да ја направи правдата навистина достапна за странците и за граѓаните и граѓаните да имаат доверба во судските институции. Не е тоа таа состојба таква само заради Уставот и законите, туку во рамките на тие наши решенија кои ги имавме до сега се разви и еден систем внатре во правосудните органи каде поединци израснаа во моќници кои жареа и палеа во правосудството, кои беа во состојба таму внатре во правосудството да елиминираат секого и да располагаат со можните напредувања и ние во Либералната партија мислиме дека такво нешто е можно и сега да се изроди, особено што нема никаква препрека таквите поединци кои се тука некаде околу десетина во Републиката да дојдат во позиција да раководат со новите институции во судството. Затоа овој проблем е согледан и од страна на Меѓународната заедница и овде е согледан, мислиме дека ќе биде потребно по донесувањето на амандманите, а пред конституирање и избор на сите овие лица кои ќе бидат да се донесе закон во Македонија со кој за пет години ќе им биде одземена можноста на таквите поединци да можат да имаат било каква функција, или било каков допир во правосудството, мислам правосудните институции, т.е. закон за една мини илустрација која ќе им овозможи вистински развој на правосудните институции во склад со новите решенија, да не бидат ометани од истите оние луѓе кои беа фактички механизам на извитоперување на институциите и состојбите во судските институции. Ова е таа сугестија која треба да следува после овој амандман одкога ќе биде донесен и законите кои после ќе следуваат.

**Љупчо Јорановски:** Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател. Чувствував за потребно независно што кажав на Комисијата за уставни прашања што мислам по овој амандман. Само како сугестија на предлагачот во наредната последна фаза да размисли дали е можно нешто во оваа смисла да се направи. Имено, мислам дека вака како што се предвидени овластувањата на овој ДСС ќе го претвориме сакајќи, или несакајќи во најмоќен државен орган кој што би можел да биде објективно на сите други носители на власт. Во смисла сега Уставот предвидува некоја рамнотежа на сите носители на власта на законодавната, извршната и судска, а онака конституиран како што предвидува амандманот 29, односно 28 и со вакви овластувања како што предвидува амандманот 29 тој може да биде извор на еден олигархиски модел на судократија, би рекол. И таква концентрирана моќ без никаква контрола, мислам дека во суштина ќе го измести тој баланс, таа рамнотежа на носителите на законодавната, извршната и судска власт. И независно што, еве, правиме обид да биде повеќе професионално тело, мислам дека неговата работа бидејќи не е транспарентна како Собранието, помала грешка би направиле доколку дозволиме односно предвидиме можност барем за имунитетот да одлучува Собранието. Секако познавачите на системот ќе речат дека по правило ни се руши принципот, тој што те именува, одлучува и за одземање на имунитетот. Но, мислам дека барем во таа сфера да дадеме некоја шанса Собранието да го одзема имунитетот и во случаи кога тоа е неопходно, дека ќе направи сепак некоја поголема рамнотежа меѓу носителите на судската, законодавната и извршната власт, бидејќи сепак станува збор за квази судски орган, а не како дел од судската власт како што предвидува Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе. Јас ќе бидам краток и ќе ги дадам овие мои мислења за кои што сметам дека има потреба и ова што досега зборуваа колегите, иако со некои ќе се повторам во дискусијата, но мислам дека предлагачот тоа треба да го има во предвид и при повторната расправа да ги има во предвид овие наши видувања и забелешки. Впрочем и затоа се води оваа расправа.

Амандманот 29 за ДСС ја регулира надлежноста на ДСС и со овој амандман е уредена комплетно надлежноста за сите прашања поврзани со статусот на судиите, како што е изборот, резрешувањето, престанокот, напредувањето, дисциплинската одговорност, имунитетот и предлагање на двајца судии во Уставен суд. Значи, овој ДСС за кој што вчера расправавме долго кој што е составен од 15 членови ја има целокупната моќ во креирањето на судската власт во Република Македонија. Ова што го зборуваше до сега колегата Тито Петковски и јас имам едно мое видување. Дали само со поднесување на годишниот извештај од страна на ДСС Собранието ќе може да ја има контролата врз ДСС. Немој овој ДСС толку многу да се осамостои па да не можеме да имаме контрола врз неговата работа. Мислам дека само со поднесувањето на годишниот извештај до

Собранието ќе биде тешко да водиме контрола за неговата работа.

Имам и една друга сугестија во однос на точката 1 алинеја 5 каде што вели дека ДСС одлучува за напредување на судиите. Основната работа на овој орган ќе му биде изборот и разрешувањето. Мислам на кој начин ДСС ќе одлучува за напредување на судиите? Мислам дека треба децидно да се каже дека ова ќе се уредува со посебен закон. Инаку, вака оваа одредба е нејасна. Инаку, овој амандман ќе го поддржам и ќе гласам за него.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседател. Јас би сакала во врска со овој амандман да посочам дека би требало во последната фаза да се размислува овие надлежности што му се даваат на ДСС уставно да се регулираат, да се остваруваат во делот на одлучувањето со 2/3 мнозинство. Ако се земе во предвид дека во составот на РСС имаме мнозинство на припадници од судиите, тогаш иако и со закон ќе може тоа да се регулира, сепак мислам дека во духот на уставните амандмани е таа гаранција на одлучувањето да биде дадена во самиот Устав. Во спротивно, ако размислуваме логично и консеквентно може да се доведеме во ситуација одлуките без оглед на петнаесетчлениот состав да бидат донесувани исклучиво од делот на ДСС што произлегува од самото судство, а не во донесувањето на одлуките одлучувачко влијание да имаат и членовите на ДСС кои што се таму по она што би се нарекло прелеан граѓански суверенитет, односно оние членови кои што се ставени таму по предлог на политичките институции кои што се избрани на избори и практично им го прелеваат граѓанскиот суверенитет. Значи, тоа би била мојата сугестија. Секако ова е важно и од аспект на она што сега се зборуваше за рамнотежата и контролната функција. Мислам дека ваквата уставна гаранција е важна и од аспект на она што постојано треба да се потсетуваме, а тоа е дека судството, односно судиите и сето она што е во врска со нивната работа е власт. А да не се случи ова што колегата Тито Петковски го кажа и за олигархизацијата и во однос на создавање на една власт која што би била практично кастинска, бидејќи постојано мене малку ме плаши што ние ги мешаме професионалноста и стручноста во остварувањето на судската власт и професионалноста и стручноста во делот на нивното конституирање не е неспоиво политичкиот процес на конституирање со професионалното вршење на функцијата во еден демократски систем. Постојано треба да се потсетуваме дека судството е власт, дури јас би рекла најконкретна, најдиректна и најширок облик на власт, или ако сакате власт по име и презиме, власт која што одлучува за сите нас како луѓе и како граѓани на најдиректен начин за се она што нас во животот ни е мило, одлучува за нашиот живот, за нашата смрт, за нашето здравје, за нашата слобода, за нашиот имот, наследство, мајчинство, татковство и тн. Значи, да не заборавиме дека ова е најконкретниот, најдиректниот облик на власта и не можеме да оставиме таа власт да биде неурамнотежена и во нејзиниот избор и во нејзиното остварување. Затоа уште еднаш ќе повторам, сметам дека треба одлуките што ги донесува овој орган во однос на судиите кои што ќе ја обавуваат власта за која што стана збор да бидат бирани со демократски сегмент, а тоа ќе биде гарантирано и преку начинот како ДСС ги носи одлуките во изборот и разрешувањето на судиите и сите други надлежности, а гаранцијата за тие одлуки треба да биде уставна.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Сосема на кратко би сакала да кажам дека ја поддржувам иницијативата идејата на госпоѓата Ристова задвотретинско мнозинство, барем при изборот и разрешувањето на судии, бидејќи тоа е една од најбитните надлежности што ќе ги извршува Државниот судски совет. Меѓутоа би сугерирала околу составот на судскиот совет.

Доколку остане ваков каков што е, тогаш за жал двотретинското мнозинство нема многу да помогне бидејќи осум судии, претседател на Советот ќе биде претседателот на Врховниот суд и министерот, тоа е веќе двотретинско мнозинство што апсолутно, еве да речам претпоставувам не мора да значи дека ќе биде така, меѓутоа мое мислење е дека ќе биде однапред обезбедено.

Затоа би сугерирала да се прифати идејата за двотретинско мнозинство при гласањето за избор и разрешување на судиите, а при тоа неминовно, во наредната фаза да се изврши промена на претходниот амандман што е врзан со овој амандман 29 и да дојде до примена во составот и начинот на избор на членови на РСС и да никој нема апсолутно однапред, апсолутно двотретинско мнозинство. Тогаш, навистина ќе биде корисно да се одлучува односно ќе биде потребно да се усогласува и да се расправа за правилен избор на судии и нивно разрешување.

Уште во претходните фази во средбите во Министерството предложи да се оди со тројца различни предлагачи со право на пет предлози, значи три петки, што би значело дека никој нема да има апсолутно мнозинство во Советот. Кога би се размислувало во оваа насока, тогаш и 2/3 мнозинство при гласањето би било одлично решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Гопсподине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Еве и ние како пратеничка група би го подржале овој амандман со некои забелешки. Дел од нив се мои лични.

Мислам дека Државниот судски совет, ставот 1, каде што ги избира и разрешува судиите и судиите поротници, дефинитивно треба да се стави крај или да се најде момент, да се направи контрола, да се пронајде начин и услови како ќе се избираат овие судии поротници. Ако веќе се приближуваме кон европските стандарди во судството, улогата на овие судии поротници од ден на ден ќе се зголемува и ќе треба да го добие она правото место што го има . До сега, во овие три години избравме како Собрание многу судии поротници, каде што апсолутно не знаеме за кого гласаме. Уште неизбрани луѓето поднесуваат оставки , некои додека ги избравме ги прости господ, така што имаме многу незгодна ситуација со тоа што се чекало по 6 месеци и повеќе. Затоа, ова е начин каде што за судиите поротници мислам дека Министерството за правда ќе треба да изнајде начин. Сигурно некој услов повеќе од она што е завршено средно образование и граѓанин на Република Македонија. Значи државјанство на Република Македонија.

Сигурно , во понатамошниот текст ќе треба да си го добијат своето место.

Во однос на одлучувањето за унапредување на судиите ова е една комплицирана процедура во која што ќе треба повторно да се наметнат критериуми кои ќе бидат дефинитивно оние според кои субјективноста ќе биде сведена на најмала можна мера.

Понатаму, во алинеја 7, одлучува за времено упатување на судија на работа во друг суд, тоа некако не е во согласност, барем според мене со членот 99 став 2 од Уставот на Република Македонија. Без сопствено барање на судијата, бидејќи судиите после оној пробен период од три години ги избираме до крајот на животот и ова времено упатување на работа во друг суд би го прифатил само до колку за тоа постојат реални основи. Значи во состојба на заменување на одредени судии, а не како казни за некого, да сакаме да го елиминираме од судството, со тоа што од Битола ќе го испратиме во Липково или незнам каде, таму каде што воопшто нема потреба или тој судија ќе има проблеми во понатамошната работа.

Во однос на алинеја 8, каде повторно имам забелешка, се одлучува за одземање на имунитетот на судиите, мислам дека тоа треба да биде од Собранието на Република Македонија, затоа што Државниот судски совет кој ќе биде избран од самите судии за да одлучува во исто време и за имунитето, мислам дека подобро решение да одлучува Собранието на Република Македонија

Тоа се моите кратки забелешки во однос на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор повеќе, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија .

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Благодарам.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Текстот на Нацртот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 73 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Ве молам, кој бара збор?

Господине Рамадани имате збор, повелете.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседател, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги,

Бидејќи амандманот 30 е во однос на именувањето и изборот на Државното обвинитеслтво, и со државниот обвинител, тогаш мислам, а исто размислува и мојата партија дека ќе беше добро, доколку изборот на државниот врховен обвинител, како што е предвидено во ставот 5, каде што се именува и избира во Собранието на Република Македонија , да се избере со 2/3 мнозинство и Бадентеровиот принцип.

Оправдувањето зошто барањето е такво да се избира со Бадентерово мнозинство е фактот што единствена шанса, практична шанса и начин за избор на врховниот државен обвинител преку Парламентот и Бадентеровото мнозинство е овој начин и во повисоките органи на судството и обвинителството постои можноста да од националните заедници се избере и првиот човек на некој орган, висок орган на судствофото, односно овде во Обвинителството. Бидејќи се говори конкретно за избор на обвинителот, тогаш ние мислиме дека ќе беше добро да се види можноста од предлозите што уште еднаш ќе се разгледаат во Владата или на јавната расправа, да врховниот државен обвинител се избере со Бадентеровото мнозинство и една шанса плус, практична шанса за избор на еден од највисоките функционери на овие органи да биде од националните заедници. Тоа е реална шанса за имање на уште еден албанец на чело на висок орган на судството, односно Обвинителството. Благодарам.

(со седницата продолжи да раководи господин Слобдан Најдовски потпретседатл на Собраниеето на Република Македонија )

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Има збор пратеникот Манев Ефтим.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседатле.

Би сакал да дадам едно мое размислување и сугестија на предлагачот по овој амандман, при повторното, во третата фаза на амандманот, да го имаат следното видување, затоа што сметам дека ќе биде позитивно, да се дооформи ставот 1 на овој амандман што не се разликува многу од досегашното во Уставот. Но, сметам дека е недоволен бидејќи во него се зборува дека Државното обвинителство е единствен и самостоен државен орган што ги открива и гони сторителите на кривични дела.

Сметам дека и до сега Јавното обвинителство е единствен орган за прогон и тоа на кривични дела што се во негова надлежност а постојат и други, особено оштетените што се јавуваат како субјект што гонат во случај на кривично дело. Јас би сакал да укажам на овој дел, да се направи чекор повеќе, дали во истиот став или ќе се дооформи или посебен став, каде што покрај државното обвинителство може да се преземе кривично гонење на сторени кривични дела и од страна на оштетените. До сега, барем од моето искуство како обвинител, во одредени кривични дела каде што исклучиво е оштетен граѓанин, а се работи за тешки кривични дела, убиство, силување, каде се пропишани високи казни, во не мал број на случаеви имаат оштетените поинакво размислување преку своите полномошници, адвокати, па мислам во една уставна регулатива, кога ќе се овозможи да и тие можат да учествуваат, уште од почетокот на постапката, па дури и да прибираат докази, да не биде тоа исклучива надлежност на јавниот обвинител. Со тоа, фактички ќе се помогне на обвинителот да биде ослободен од сомневањата дека во одредени случаеви не презел се од неговата надлежност, повластувајќи го сторителот на кривично дело од најразлични побуди или причини.

Сметам дека таквата проширена одредба нема да пречи на Јавното обвинителство ни во Уставот, а ќе биде корисна во однос на положбата во постапка на самите оштетени што до крај ќе можат, покрај обвинителот и тие да се борат во докажувањето на кривичното дело што го сторил истото.

Сметам дека предлагачот ќе го има предвид ова размислување, во третата фаза ќе најде место да го подобри ставот 1 на овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски:

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потретседателе.

Се надевам дека во наредната фаза ќе бидат прифатени некои забелешки, ќе се размислува за истите, како што е во точката 5, каде што врховниот државен обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Според мое мислење мислам дека треба да стои со 2/3 мнозинство. Тука треба да имаме начин како ова да се направи, затоа што се работи за врховниот државн обвинител, за кого видовме како функционираше во претходните два мандати.

Во точката 7 од амандманот 30, каде што имаме дека државниот обвинител при првото именување за државен обвинител во Обвинтелството од прв степен се именува за време од три години. Мислам дека периодот од три години може да биде и пет години, затоа што, доколку после овој период бидат исполнети сите овие услови, ќе дојдеме во ситуација да треба да биде именува без ограничување во траењето на мандатот. Сега тука завршува ње што е во однос на Јавното обвинителство, што мислам дека контролниот систем мора да постои.

Тука не се работи само за оние предвидувања што во законот стоја како му престанува или како врховниот обвинител може да биде разрешен, туку како понатаму истиот ќе работи. Значи, не значи дека освен ако направи некоја поголема законска грешка или пак самиот да побара да биде разрешен, дека тоа е единствениот начин државниот обвинител да биде разрешен и обвинителите да го имаат истото. Ако некој во тие три пробни години или пет години постигнал процент од 90% на разрешени случаеви и наредните 5 или 10 години има процент од 40-50%, кој е начинот да истиот биде санкциониран или да не биде доживотен или начин на кој што таа контрола мора да следи и нема попуштање. Тоа е како кај сите стручни луѓе во сите служби, како здравството, како науката, каде се обврзани со научни трудови, со она што треба да прави дел од науката и дел од ова што значи Обвинителство да продолжи да работи со исто темпо и интензитет своја работа.

Тоа се мои видувања. Во точката 8, каде што се говори за престанувањето на функцијата на државен обвинител, на врховниот државен обвинител, мислам дека треба да постоја и други причини утврдени со закон што ќе треба да ги направите. Освен трајно губење на способноста, што утврдува Собранието или ако ги исполни условите за старосна пензија, да се најдат и другите причини за кои што говоревме, утврдени со закон.

Во точката 9 и во точката 11, барем за мене, многу субјективно стои, каде што врховниот државен обвинител се разрешува, исто и државниот обвинител, за потешка повреда на законите во вршење на функцијата, за што одлучува во едниот момент Собранието на Република Македонија, а за државните обвинители Советот на државните обвинители со 2/3 мнозинство. Овие потешки повреди на законите, во вршењето, јас би сакал наредниот Парламент и следните да бидат пообјективни во критериумите и при донерсувањето на ваквите одлуки. За жал, тоа во овој Парламент, можеби и во претходните не беше така, затоа што тоа што доаѓаше од Републичкиот судски совет, многу работи поминуваа без објаснување, но нашите информации за она што се случува во судството, за она што многу предмети не се разрешени или

се направени многу поголеми неправилности во донесувањето на одлуките, такви одлуки од РСС пред Собранието на Република Македонија сеуште не се доставени, тие судии се казнети само дисциплински за разлика од некои други кои веќе се исклучини од судии и од обвинители.

Затоа, мислам дека ќе треба да се потрудиме што повеќе да дефинираме што значи потешка повреда на законите во вршењето на функцијата, барем да се постави некој листинг според кој критериумот ќе биде важечи за сите обвинители.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Во точка 5 од овој амандман се зборува дека Врховниот државен обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Предлагам тука да се стави "со две третини" и да се додаде "по предлог на Советот на Државни обвинители". Значи, и предлогот за Врховен државен обвинител да го даде еснафот, со што ќе се овозможи еснафот да предложи Врховен државен обвинител и од заедниците ако таков меѓу нив оценат дека постои. Ќе се избегнат барањата при изборот да се користи Бадинтеровото мнозинство.

Во точка 8 од истиот амандман се зборува дека на Врховниот државен обвинител на Република Македонија му престанува функцијата ако тоа сам го побара, ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата што го утврдува Собранието на Република Македонија. Овде не е јасно по кои критериуми или како Собранието ќе утврди дека некој трајно ја загубил способноста за вршење на функцијата. Тоа мора да биде некоја медицинска установа или некоја друга установа, која ќе утврди трајна загуба за способност на вршење на функција, а Собранието може тоа да го потврди, а не Собранието да утврди, затоа што Собранието не е во состојба да утврди, дури и да настане смрт, Собранието не е асоцијацијата која ќе го утврди тоа, туку врз основа на други документи Собранието потврдува дека престанала функцијата по тој основ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Бонева Силвана,

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сосема накратко да го кажам ставот на ВМРО ДПМНЕ во однос на амандманот, кој се однесува на јавното обвинителство, амандманите 30, 31, 32 и 33, за да не се јавувам четири пати за збор.

Сметаме дека делот со кој се регулира обвинителството во Уставот воопшто не треба да се допира. Во понудените решенија ингеренциите околу изборот на обвинителството му се одземаат на Парламентот и таквата функција се префрла на Советот на државни обвинители, но општо прифатен е ставот дека Државното обвинителство и Државниот обвинител се сепак посебни државни органи, при што нивната функција се лоцира во делот на спроведување и извршување на законите. Тие носат одговорност во таа смисла и затоа пожелно е тие да бидат врзани за извршната власт и Парламентот, кои исто така имат компатибилна обврска за извршување на законите.

Со постојното решение кое го предлага Владата, произлегува дека политиката на прогонот не зависи од извршната власт. Компаративно погледнато постојат системи каде министерот за правда е обвинител во исто време, како што е случајот со САД и Полска. Исто така, постојат примери каде што министерот за правда го поставува обвинителот или пак тоа го врши Владата. Доколку не се следи примерот на светската пракса може да се доведе до несакана состојба, каква што беше во Република Бугарија, каде што државниот обвинител Катарчев немаше никаков контакт и координација со Владата и таа не можеше да го смени и на тој начин тој стана главен носител на моќта во државата. Напротив, обвинителот и обвинителството сметаме дека треба да биде тело кое ќе биде во една субординација со извршната власт. Тука исто така би требало да се спомне и фактот дека со осамостојување на обвинителството радикално се зголемува можноста за корумпирање на самото тело, затоа што станува независно.

Понатаму, доколку би била оневозможена извршната власт да го смени обвинителот, при евентуална промена на власта, новата Влада ќе биде оневозможена да ги гони оние кои во моментот чинат криминал. Исто така, доколку се прифати ваквото решение, ќе биде избран обвинител и Обвинителство, со што неговиот состав ќе биде зацементиран, при што ќе биде оневозможено негово идно квалитетно подобрување на составот. Овој факт е посебно катастрофален, доколку се земе предвид можноста ова тело да биде наполнето со луѓе на актуелната политичка гарнитура.

Како додатен аргумент може да се употреби и фактот, доколку бидат прифатени овие амандмани на начинот на кој се презентирани, ќе настане една енормна диспропорција во Уставот и неговата структура. Ова затоа што за обвинителството во Уставот ќе има несразмерно многу текст, за разлика од другите соодветни државни органи за кои има само по еден пасус.

Уставот земен во целина може да се каже дека има единствен уставен јазик и единствена уставна норма. Со воведувањето на ваков дел во Уставот се нарушува неговата целина, структура и кохерентност. Дури, доколку постои одредена потреба за законско интервенирање во областа на обвинителството, сметаме дека тоа може да се направи преку Законот за јавно

обвинителство. Тоа е ставот на ВМРО - ДПМНЕ во однос на амандманите 30, 31, 32 и 33, со кои се регулира оваа област.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени дискутанти по овој амандман.

Го заклучувам претресот по Текстот на Нацртот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапимо кон гласање.

Уште еднаш ги молам пратениците што се во клубот, ако ме слушаат, да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Текстот на Нацртот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 72 пратеници гласале за, нема воздржани и тројца против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по Текстот на Нацртот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија .

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 71 пратеник гласал за, еден воздржано и тројца против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по тесктот на Нацртот на амандманот 32 на Уставот на Република Македонија .

Ве молам кој бара збор?

Господине Витановски, повелете, имате збор.

**Јанќе Витановски:** Благодрам претседателе.

Јас ќе бидам краток и она што го кажав на Комисијата ќе го кажам и овде за составот на Советот на државните обвинители, кој е составен од 11 членови. Имено, наведено е како се избираат и имам забелешка на точката 4 во која се вели дека двајца членови на Советот на државните обвинители избира Собранието на Република Македонија. Членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Јас предлагам, наместо двајца членови на Советот на државни обвинители кои ги избира Собранието со Бадинтеровото мнозинство, тоа да биде еден член. Тоа беше мојата забелешка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Шајноски, имате збор.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

Во став 2 на овој амандман стои дека членовите на Советот на државни обвинители по функција се Врховниот државен обвинител и министерот за правда. Министерот за правда е член по функција и во државниот Судски совет, па сега во двата совета членува истиот човек. Тоа да се брише.

Во точката 4, за која дискутираше и претходниот дискутант би рекол дека треба да се отфрли Бадинтеровото мнозинство, бидејќи се двајца членови. Не ми е јасно како ќе вршиме избор. Намерата на овој член е јасна и е добра ако се се свати коректно и се сака коректно да се изврши избор. Но, веројатно при изборот албанската заедница ќе инсистира на нивен член. Сега многу е тешко да се изврши избор на двајца членови по Бадинтерово мнозинство од кои едниот ќе мора да биде албанец да речеме.

Предлагам да се брише Бадинтеровото мнозинство, бидејќи македонците се 60%, од двајца 1,2 би испаднало, 40% се заедниците, од нив 20% албанци, 20 % други. Како ќе се договорат не е јасно и веројатно ќе имаме проблеми при изборот на членовите на Советот на државни обвинители. Толку би качал.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам.

Повелете господине Балковски имате збор.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседтеле,

При изборот на државните обвинители во точката 3 се вели дека пет члена на Советот на дравни обвинители се избираат од редот на сите државни обвинители во Република Македонија и двајца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Значи овде имаме двајца членови кои се припадници на заедниците.

Понатаму во точката 4 се вели дека двајца членови на Советот на државни обвинители избира Собранието и членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство на гласовите на вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство. Овде може да се случи не само еден, во зависност од условите во Собранието, туку и двајцата членови да бидат припадници на заедниците.

Понатаму во точката 5 се вели дека двајца членови во Советот на државни обвинители именува претседателот на Република Македонија

, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Се доведуваме во ситуација со ваквиот амандман 32, бидејќи воопшто не е прецизирано кој од припадниците на заедниците ќе бидат членови на Советот на државни обвинители, само од една заедница да бидат сите членови на државните обвинители што и припаѓаат на заедниците. Би требало, според мене, да се дефинира прецизно кои припадници на заедниците ќе бидат членови на Советот на државни обвинители, затоа што може да се случи со ваков систем на гласање сите припадници на заедниците да бидат од една заедница и мислам дека тоа нема да биде во ред во однос на другите припадници на заедниците кои се содржани во Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика за господинот Јашари, повелете три минути.

**Аднан Јашари:** Нека биде реплика во вид на информација, бидејќи во дискусиите на сите дискутанти се забележува дека не прават разлика меѓу две клучни есенцијални прашања. Станува збор за правичната и соодветна застапеност и Бадинтеровиот принцип. Ова се две различни прашања, што и со актуелниот Устав се уредени на посебен начин или со посебни амандмани. Оттука, јас мислам дека и не треба да ги мешаме овие две работи и да ги унифицираме овие две прашања како две заеднички прашања.

Уште еднаш ќе повторам поради разликите кои постојат меѓу овие две прашања, правичната и соодветна застапеност и Бадинтеровиот принцип, Уставот ги уредува со посебни уставни норми.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Ова е амандманот 32 каде што говориме за Советот на државни обвинители каде што предлог е истиот да биде составен од 11 членови, во кој по функција би бил Врховниот државен обвинител и министерот за правда. Министерот за правда е и во Државниот судски совет и во овој Совет на државни обвинители, и Врховниот државен обвинител. Уште во старт би сакал да кажам, гледајќи го членот 6 од овој амандман, каде што претседател на Советот на државните обвинители е Врховниот државен обвинител и точката 14 - на член на Советот на државните обвинители по функција му престанува функцијата член на Советот со престанок на функцијата министер за правда, односно Врховен државен обвинител - доаѓаме во една колизија, според мене, затоа што доколку го формираме Советот, ред е Советот дас избере претседател на овој Совет на државни обвинители и така да функционира. На ваков начин ниту некој може Врховниот државен обвинител да го промени како претседател на тој Совет и начинот на кој што овој може да биде променет едноставно донесува до друга ситуација, наредниот Врховниот државен обвинител да биде директно претседател на Советот, што за мене морам да ви кажам дека е малку нелогично.

Во однос на она што го искажа мојот колега Шајноски, потполно се согласувам со него затоа што ние цело време зборуваме за Бадинтерово правило или мнозинство, за застапеност на граѓаните кои припаѓаат на оние заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Од овие членови гледајќи кој како ќе ги избира, уште еднаш прашувам кое е правото на претседателот на државата да ги избира овие двајца државни обвинители или ги именува, директно ги именува претседателот на државата, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија  и со тоа претседателот си зема за право, за разлика од се останато и кај него ова мнозинство е 50%.

Исто како што беше во Државниот судски совет и тука има право да именува еден од државните обвинители од македонскиот народ каде што нема ограничување дали тој ќе биде од редот на овие, како што стои понатаму, адвокати, професори по право, што не значи дека истиот нема да биде понародност влав, србин или незнам што, сигурно онојшто заслужува. Тука се јавува големиот проблем. Мислам дека во Обвинителството во вакиви иснтитуции каде што се трудиме да имаме независно судство, каде што се обидуваме да направиме ситуација во која што сите заедно ќе ги избереме најдобрите, кои понатаму ќе можат да бидат неподложни на корупција и на се она што ќе го водат судството напред, ние ќе дојдеме во ситуација повторно политички или етнички да избираме судии обвинители само поради тоа што некој припаѓал на некоја заедница. Апсолутно немојте погрешно да ме разберете, јас мислам до колку такви луѓе има способни не е никаков проблем од тие 11 и 7 да бидат од етничките заедници кои што ќе можат да ја извршуваат таа работа. Но, на овој начин како што тргнавме секаде го застапуваме ова правило, ќе дојдеме до смешни ситуации кои што сега, евемалку да излезам од темата, утре некоја репрезентација на Пеливани на Македонија да биде составена од 6 македонци и 4 или 3 албанци и да ја претставува Македонија токму поради етничкиот состав. Мислам дека вака не одиме никаде. И дајте да почнуваат да одлучуваат за ова тие што се способни и затоа ги формираме овие државни совети, каде што ќе се донесе одлука и решение за да можат најдобтите да одат напред. Ако тоа не го направиме, тогаш ништо  не сме направиле. Значи, на овој начин може да дојде во ситуација ние како пратеници и формирањето на овој Совет, во самиот Совет да имаме по функција дали тоа министерот за правда до пред госпоѓата Мери Младеновска имавме двајца минситри од тие етнички

заедници, што значи еден од нив кажуваме од 5 обвинители, двајца треба да бидат од народностите, стануваат тројца. Собрание на Република Македонија има еден, тоа се четворица и претседателот, тоа се пет луѓе. Пет луѓе од 11 претставува 45% или до колку тоа не е министерот во случајот бидат четворица, тогаш ќе биде 36%. Сега, дали ние тргнуваме во ситуација да почнеме, какоштокажа господинот Шајноски и да ги броиме колку сме македонци, па ние да бараме 63%, затоа што во тие 63% треба да бидат претставници на македонскиот народ и никој друг и сите овеи 40 или 35% или колку ќе останат, да имаат договор, затоа што ако градиме мултиетничко општество, да го градиме на тој начин. Ако градиме бинационална држава да кажеме дека едните мора да бидат албанци, другите мора да бидат македонци и тука да завршиме со приказната и со Охридскиот договор и со се што цело време говориме дека е така. Апсолутно тоа не е вистина и дека ние се движиме во погрешна насока, дефинитивно. Мислам дека е жално во Република Македонија да говориме за правата на македонскиот народ и да ги заштитиме, но во основа веќе стигнуваме до таа ситуација кога тоа и ќе треба да се преземе.

Друго што би имал како забелешка во однос на точката 12 од овој амандман, каде што се говори за член на Советот на државните обвинители им престанува функцијата ако то асам го побара, ако трајно ја загуви способноста за вршење на функцијата член на Советот на државни обвинители и мислам дека тука треба да се додаде ако ги исполнува условите за пензија, за да не дојдеме повторно во ситуација, како смената на началникот на Генералштабот кога ноќта во 24,00 часот стекна услови, утрото до 00,1 часот беше променет. Значи, ќе треба и ова да го поставиме како услов, за да знаеме кој, кога и како може да биде разрешен. Тука се појавува истата онаа забелешка која што ја имавме и во претходните членови. Значи, член на Советот се разрешува поради потешка повреда на законите во вршење на функцијата што ги утврдува советот на државни обвинители. Потешка повреда на законите, тоа е повторно нешто недефинирано, може да биде субјективно и може да се злоупотреби.

Уште еднаш апелирам до Министерството, барем во третата фаза да имаме кои се тие потешки повреди на законите во вршење на функцијата и врз основа на тоа комплетно сите обвинители, сите сутии да се повинуваат и ние да имаме некој критериум по кој што можеме да функционираме.

Ете тоа се моите забелешки и мислам дека ќе ги имате предвид. Во однос на претседателот кажав дека со ова само се зајакнуваат ингеренциите, како што кажа и некој од коелгите, се пренесува суверенитетот и правото кое што го има претседателот. Но, мислам дека претседателот има доволно задолженија и права да си ја брка својата работа и ова да е надвор од неговите ингиренции, затоа што ова што го работи во моментот апсолутно не соодвствува со тоа што е негово право и обврска да го прави кон граѓаните на Република Македонија.

Значи, со овие мои забелешки ќе гласам против.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 32 на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Текстот на Нацртот на амандманот 32 на Уставот на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 69 гласале за, 4 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 32 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 33 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Господине Томиќ, повелете.

**Зоран Томиќ:** Многу кратко претседателе, и не знам зошто е оваа нервоза кај моите колеги кога во овој амандман 33 е регулирано мошне битно и значајно прашање. Имено, со овој амандман се дополнува одделот, Јавното обвинителство од дел 3, организација на државната власт на Уставот на Република Македонија.

Амандманот 33 се однесува на надлежност на Советот на државните јавни обвинители и овде се битни и клучни две работи. За разлика од Државниот судски совет кој ја следи и ја оценува работата на судиите, кај државните обвинители оваа надлежност не е кај Советот на државните обвинители, туку непосредно повисокиот Јавен обвинител, имајќи ги предвид двата клучни принципи во Јавното обвинителство, а тоа се принципот на субординација и на хиерархија.

Новина кај Советот на јавните обвинители, исто како и Државниот судски совет е тоа што поднесуваат извештај за својата работа до Собрание на Република Македонија и на тој начин законодавната власт т.е. Собранието врши увид во работата на државните јавни обвинители.

Сакам да кажам и да истакнам дека пратеничката група на СДСМ во целост ќе го подржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Ристова, повелете.

**Каролина Ристова:** Господине претседател, јас овде сакам по истата логика и аналогија да потсетам на она што ви го кажував за Државниот судски совет, да кажам дека и овде уставно треба да се регулира прашањето на донесувањето одлуки по однос на утврдените надлежности со овој уставен амандман. Значи, ако се оди тоа да се регулира уставно кај Државниот судски совет, ако се прифати, тоа би требало и во однос на

остварување на надлежностите на Советот на државни обвинители. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 33 на Уставот на Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Текстот на Нацртот на амандманот 33 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 73 за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 33 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 34 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Господине Ѓорчев, имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Овој амандман мислам дека треба да се дополни во точката 1, значи не само видовите одлуки на Уставниот суд, туку основите на псотапката пред Уставниот суд, заштитата на уставните права и слободи на граѓанинот, видовите на одлуките, како и нивното правно дејство и извршување, да бидат уредени со закон. Мислам дека тоа би требало да биде така во втората фаза наведено, затоа што сега основите на псотапката се уредени со Деловникот за работа на Уставниот суд, кој што е во точка 2. Меѓутоа, мислам дека тука треба да се измени и член 110 во овој амандман, затоа што сегашното уставно решение е рестриктивно само во заштитата на личните и политички права и тоа во доменот на недискриминација на политичко дејствување и слобода на изразување на мислата, а европски тренд е да се штитат и економските, социјалните и културните човекови права. Во тој контекст сметам дека во втора фаза треба да се разгледа, ако веќе темелно го уредуваме рпашањето на целокупните основи на постапка и сите уставни слободи и права, треба да се изврши измена и на овој член. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Во однос на амандманот 34 кој што е во врска со уредување на постапката пред Уставниот суд постојат две варијанти. Сега во овој суд со Деловник се уредува кој има право да пристапи во судот. Процедурата пред тој суд, како и да се регулира правното значење.

Вториот предлог е со закон да се уредат тие работи. Тоа е регулирано со членот 113 од Уставот на Република Македонија, каде стои "начинот на работа и постапката пред Уставниот суд се уредува со акт на судот". Значи, постојното решение во Уставот дозволува Уставниот суд буквално за се да решава со своја одлука.

Доколку се оди на варијанта, начинот на работа и постапката пред Уставниот суд да се уреди со закон, би требало да се укаже на фактот дека Паралментот би можел многу  тесно да го скори пристапот до Уставниот суд со што Парламентот би определувалкакво дејство ќе има одлуката на Уставниот суд. Ова значи дека Уставниот суд би се довел во зависност од Парламенто, а Уставниот суд пред се ја цени работата на Паралментот, што значи дека не би било прифатливо со закон да се уредува. За да може Уставниот суд да биде независен и автономен во своето дејствување, постапката во врска со тоа кој има право да пристапи до овој суд, која е процедурата и кое е правното дејство на тие одлуки, треба да биде регулирано или со Уставот или со Деловникот, како што е и досега. Пример кој што покажува погрешен пристап на уредување на надлежностите на Уставниот суд со закон е Република Италија. Иако, законски било определено да се уредува функционирањето на Уставниот суд, Парламентот 10 години не го донел тој закон и на тој начин овој суд секогаш се наоѓа под моќта на Парламентот. За да не се случуваат вакви проблеми, како што ни кажуваат примерите со погоелм број на земји, тоа се решава децидно преку самиот Устав или пак му се дава слобода на Уставниот суд тоа самиот да го реши преку Деловникот.

Затоа, сметаме дека треба да се одбие ваквиот предложен начин на решавање на ова прашање односно начинот на решавање преку законско нормирање.

Од тие причини вака како што е поставен амандманот 34, не можеме да го прифатиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 34 на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците, бидејки ова е последен амандман да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Текстот на Нацртот на амандманот 34 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 75 за, 4 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 34 на Уставот на Република Македонија.

Нацртот на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 на Уставот на Република Македонија што Собранието ги утврди поединечно, ги ставам на гласање во целина.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, 77 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го утврди нацртот на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 на Уставот на Република Македонија.

По повод утврдување на Нацртот на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 на Уставот на Република Македонија, Комисијата за Уставни прашања му предлага на Собранието да ги донесе следните заклучоци:

1.Нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае 60 дена по утврдувањето на Нацртот на амандманите.

2.Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија заедно со овие заклучоци ќе се објави во сите дневни весници во Република Македонија.

3.Граѓаните, политичките партии, здруженијата на граѓаните, органите и организациите, како и другите учесници во јавната дускусија, своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманите на Уставот, непосредно да ги упатуваат до предлагачот - Владата на Република Македонија.

4.Предлагачот - Владата на Република Македонија, да ја следи и сумира јавната дискусија и најдоцна 30 дена по завршувањето на јавната дискусија, на Собранието да му достави Извештај за резултатите од јавната дискусија и Текст на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

5.Овие заклучоци ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, 81 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе предложените заклучоци.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 106-та седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ви посакувам убав и над се спокоен годишен одмор, без разлика кој што да зборува, го заслуживме тоа.

Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,40 часот).